Вечер, Скопје, 26.11.1996, 10343, стр.15

**МАКЕДОНСКАТА УМЕТНИЧКА ИСКРА ДИМИТРОВА ВО ЗАГРЕБ И МАРИБОР ГО ПРЕТСТАВИ СВОЈОТ ЦИКЛУС „ДВОЈНИК“**

# Три прикаски за смртта

Македонската уметничка Искра Димитрова во текот на месецов изложува во Загреб и Марибор. Во загрепската галерија на ИНА Нафтаплин „Мирослав Краљевиќ“, во тек е самостојната изложба на Димитрова која тука ја постави инсталацијата „Таламос 5“. Како единствен уметник од Македонија таа со проектот „Таламос 4“ учествува и на Триеналето „Екологија и уметност“ што до крајот на декември трае во мариборската Умјетносна Галерија, на кое изложуваат уметници од Хрватска, Словенија, Австрија, Франција, Италија, Унгарија и Германија.



ПРОЕКТОТ „ТАЛАМОС“ НА ИСКРА ДИМИТРОВА

Проектот „Таламос“ е првиот дел од циклусот „Двојник или за смртта“, што Димитрова го почна во мај годинава на изложбата во скопскиот Чифте Амам. Заедно со „Андрогин“ и „Remain“ во овој триделен циклус таа го претставува нејзиниот личен однос кон смртта, и имајќи ја таа интимна нотка, во секое од овие дела се појавува објект-двојник на еден отпечаток на нејзиното тело.

Циклусот следната година продолжува со третиот дел „Remain“, чија суштина е цикличноста на животот и смртта.

Циклусот „Двојник“ Димитрова во септември го претстави и во Манчестер каде учествуваше на Интернационалниот симпозиум за скулптори, меѓу 10 уметници од Кореја, Франција, Чешка, Шведска, Англија и Германија.

М. К.